**Работилница:** „Соодветно однесување со клиенти“ - да се зајакнат капацитетите на актерите во туризмот да обезбедат ефикасни услуги и грижа за туристите.



**Работилница:** Одржливо користење на природата и културата за развој на туризмот - пренос на знаења и вештини на локалните учесници за ефикасна употреба на природните / културните / историските ресурси за создавање на туристички производи.





Партерно уредување и поставување на урбана опрема, систем за наводнување и оградување на просторот во „Туристичката населба - езеро Мантово“.



Овој проект е кофинансиран од Европската унија преку Interreg – ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија – Македонија;

This project is co-funded by European Union through the Interreg - IPA CBC Programme Bulgaria – The former Yugoslav Republic of Macedonia;

Interreg - IPA CBC

CCI 2014TC16I5CB006

Municipality of Kyustendil

Municipality of Konce

A Sustainable Joint Future

*Проект:*

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ОПШТИНИТЕ ЌУСТЕНДИЛ И КОНЧЕ -

## ЗАЕДНИЧКА ОДРЖЛИВА ИДНИНА

Договор бр.: РД-02-29-211/17.10.2016

### Главна цел:

Подобрување на достапноста до природното и културното наследство на територијата на општините Кустендил (БГ) и Конче (МК) за искористување на потенцијалот на двете страни од границата

### Очекувани резултати:

1. Поставена основа за одржлив развој на туризмот, унапредување на конкурентна понуда во областа;
2. Зајакната соработка во рамките на регионот и зголемување на свеста за зачувување и промоција на природните и културните вредности;
3. Подобрени капацитети (Човечки ресурси, опрема/инфраструктура) за одржлив туристички и економски развој.

*Времетраење: 18 месеци*

## ПРИРОДНИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Подрачјето на Општина Конче го зафаќа горниот дел од басенот на реката Крива Лакавица, кој од три страни е заграден со ниски планини и тоа: Конечка со Градешка Планина од западната и јужната страна и планината Смрдеш од источната страна. Единствено кон север, теренот е отворен по долината на



река Лакавица кон Брегалница. Таа е типично рурална општина, а конфигурација на теренот е претежно ридско-планински.

Од историјата дознаваме дека Конче е поранешен средновековен епископски центар кој претставувал црковно – управно седиште во кое имало манастирски комплекс. Овој податок укажува на фактот дека животот во минатото во оваа рурална област бил динамичен, богат и содржаен.





Конче е една од еколошки најчистите општини во државата. Освен сопствените потенцијали за производство на здрава храна, општината располага и со огромно шумско и водно богатство. Овој потенцијал ја прави општината една од најинтересните локации во кои може да се заживее и развива рурален туризам со сериозно автентична понуда.



Езерото Мантово се смета за најатрактивен туристички ресурс на подрачјето на Општина Конче. Се наоѓа на оддалеченост од 15 km од с.Конче, 18 km од Радовиш и 25 km од Штип. Истото е создадено кон крајот на 70-тите години на минатиот век, со преградување на реката Крива Лакавица. Езерото е со должина од 4,5 km и просечна ширина од 600-800 m. Брегот, долг 15,2 km со 6 истакнати заливи и неколку полуострови.

На езерото Мантово постои и туристичка локација „Сончева езерска населба Мантово“.

Еден од најрепрезентативните верски објекти е Црквата од Манастирот “Свети архиѓакон Стефан”, позната и по името „Пресвета Богородица“. Црквата е градена од 1366 до 1371 година од големиот војвода Никола Становиќ, во време на владеењето на царот Душан и по својата уметничка вредност завзема важно место во историјата на македонската средновековна култура. Црквата била живописана непосредно по нејзиното градење, според мислења на стручни лица, сегашните фрески од живописот потекнуваат од XVIII и XIX век.



Највпечатлива приказна која е поврзана со манастирот е онаа за Катерина Кантакузина, ќерка на српскиот деспот Ѓураг Бранковиќ, од бракот со Ирина Кантакузина (ќерка на Теодор Кантакузин и внука на византискиот цар, Јован VI Кантакузин). Катарина Кантакузина ги минала последните години од својот живот во манастирот, престојувајќи во кулата веднаш до црквата.

